Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 13.05.2021

На 12.05.2021 околу 17.45 часот на бензинска пумпа на подрачје на Чаир, од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода И.Т. (38) од Косово, кој управувал товарно возило „мерцедес" и приколка со косовски национални ознаки, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „недозволена трговија", казниво по чл.277 од Кривичниот законик. Лицето е задржано и предадено на полициски службеници од Полициска станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

На 12.05.2021 околу 21.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг на подрачјето на Чаир, каде било паркирано патничко возило „фолксваген голф 7", со скопски регистарски ознаки, а во кое биле возачот Л.П.(24) од Скопје и сопатникот К.И.(43) од Скопје, неколку лица со огнено оружје испукале проектили кон возилото. К.И. починал на самото место, а Л.П. бил пренесен во Градската општа болница „Св. Наум Охридски", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Скопје и Јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот е предадено за обдукција, а возилото е запечатено и пренесено во Полициска станица Кисела Вода за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.05.2021 во 18.55 часот во СВР Скопје, С.С.(56) од Скопје пријавила дека на ул. „50-та дивизија" била касната од куче скитник.

На 12.05.2021 во 15.,50 часот во Тетово на ул.„Јане Сандански", патничко возило „форд фокус", со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.С.Ц.(34) од Тетово удрило во малолетен пешак од Тетово. Во незгодата, пешакот се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Тетово, каде била пренесена за укажување на лекарска помош.

На 12.05.2021 во 21.00 часот во СВР Скопје, В.С.(36) од с.Стајковци, скопско, пријавила дека во населба Кисела Вода, во близина на пругата, нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Р.А.(34) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 28.04.2020 на ул. „Стојан Сандески" во Кичево, при преглед на пријавениот, бил пронајден и одземен кокаин.

На 11.05.2021 во 20.15 часот во СВР Скопје, О.И.(25) од с.Глумово, скопско пријавил дека околу 19.00 часот, додека бил со неговиот брат О.И.(22) од с.Глумово пред угостителски објект во селото, поради меѓусебно нетрпение биле физички нападнати од В.Ј.(58) од истото село. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.05.2021 во 12.30 часот во СВР Битола, М.С.(49) од Битола пријавила дека на 08.05.2021 во 18.00 часот, малолетник влегол во просториите на музејот во Битола и од музејска поставка во посебна просторија одзел револвер, непозната марка. По преземени мерки, револверот е пронајден, одземен од Б.Ј.(37) од Битола и вратен на пријавителот. По документирање на случајот ќе следува поднесок.

На 13.05.2021 во 06.35 часот во СВР Скопје, Ј.Б.(21) од Скопје пријавил дека околу 01.30 часот во Градскиот парк во Скопје, во близина на фонтаната, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.05.2021 во 18.30 часот во СВР Скопје, А.Д.Д.(40) од Скопје пријавила дека на бул. „Јане Сандански" била касната од куче скитник.

На 13.05.2021 во 03.14 часот во СВР Скопје М.П.(24) од с.Булачани, скопско, пријавил дека на 12.05.2021 околу 23.00 часот, во близина на маркет на подрачјето на Гази Баба, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.А.(27) од с.Жилче, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест". Пријавениот, и покрај тоа што му било издадено решение од страна на Државен санитарен и здравствен инспекторат од 26.03.2021, тој не ги почитувал мерките на изолација и на 01.04.2020 излегол од домот, со што постапил спротивно на прописите или наредбите кои се определуваат за време на епидемија или некоја заразна болест.

На 13.05.2021 во 02.15 часот во СВР Куманово било пријавено дека во кругот на Општа болница Куманово, Е.Ш.(20) физички го нападнал Д.М.(37), и двајцата од Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.05.2021 во 17.40 часот во СВР Струмица, З.Н.(39) од Кавадарци пријавил дека околу 17.00 часот, во меѓузоната помеѓу Граничен премин „Богородица" и Граничен премин „Евзони", по претходна расправија, бил физички нападнат од Б.А. од с.Богородица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.05.2021 во СВР Скопје, Т.С., директорка на училиште на подрачјето на Карпош, пријавила дека додека расчистувале просторија во училиштето заедно со вработениот М.Н.(43), пронашле 44 куршуми калибар 7х9, 3 рачни бомби м75 и седум алатки за активирање на мини, кои се подигнати од полициски службеници од Единицата за антитероризам при МВР, при што било констатирано дека станува збор за школски предмети. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 12.05.2021 во 20.50 часот во СВР Велес, С.Ј.(29) од Велес пријавила дека на 11.05.2021 во 21.30 часот во Велес нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.05.2021 во 13.15 часот во ОВР Кавадарци, Д.Ш.(52) од Кавадарци пријавила дека на 10.05.2021, додека ги чистела подрумските простории на нејзината куќа, пронашла предмет кој наликувал на граната. Увид на местото извршиле увидна екипа од ОВР Кавадарци и стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување Кавадарци, при што е констатирано дека станува збор за старо зрно од противавионски топ, кал.45мм. Од Дирекцијата за заштита и спасување Кавадарци зрното е подигнато од лице место.

На 12.05.2021 во 18.00 часот во Полициска станица Гази Баба, П.Т.(66) од Скопје пријавил дека во 15.20 часот во нивниот двор со неговата сопруга биле физички нападнати од две лица, кои употребиле тврди предмети, откако претходно го оштетиле паркираното возило „алфа", сопственост на нивниот син. Според пријавеното, најверојатна причина е недоразбирање околу должничко-доверителски односи со нивните синови. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.05.2021 во 22.30 часот во СВР Скопје, С.Р.(19) од Скопје пријавил дека пред маркет на подрачјето на Шуто Оризари, додека бил заедно со Б.Л. и 17-годишник од с.Визбегово, скопско, С.К.(43), М.К.(21), двајцата од Скопје, заедно со уште едно лице ги нападнале со тврд предмет малолетникот и В.Р.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.05.2021 во 15.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Арачиново, скопско, по претходна расправија, Ф.Н. испукал проектили од огнено оружје во дворот на И.А. Повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет